СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 ноември 1993 година

Скопје, ноември 1993 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 68-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 5.XI. 1993 ГОДИНА**

Дискутанти:

1. АНДОВ СТОЈАН - 1, 19, 26, 27, 28, 39.
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 12, 13.
3. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 40, 41
4. БАЈАЛЏИЕВ ДИМИТАР- 9, 10, 11, 12, 17, 19.
5. ГОШЕВ ТУШЕ – 21, 23, 46, 47
6. ГОШЕВ ПЕТАР - 26, 27, 28, 29, 30, 32, 37, 39
7. ЈОВАНОВ РИСТО - 2, 3, 4.
8. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА - 43
9. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 4, 5, 6
10. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 25, 26.
11. РАХИМИ ШУКРИ - 45, 46,
12. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 1, 15, 18, 19, 20, 23, 25, 41, 42, 43
13. САБРИУ ИЛЈАЗ - 6, 12,
14. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 7, 9, 10, 47, 48
15. ТРАЈКОВСКИ ПЕТРЕ - 44
16. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 10, 12
17. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 40
18. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - 40, 44.

- седницата продолжува-

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на 68-та седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 5 ноември 1993 година

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов претседател на Собранието.

Седницата започна со работа во 12,35 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа. Продолжуваме со пратенички прашања.

Пратениците Симон Наумовски, Петар Горѓиев, Панче Насев и Тито Петковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Господинот Наќе Стојановски бараше една интервенција (се откажува).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Поради отсутност на ресорните министри и претседателот на Владата овие прашања што сум ги поставил практично ќе излезат дека ги поставувам пред оние што ги нема.

Дами и господа, во февруари месец оваа година поставив две прашања на кои не ми се одговори. Тоа го направив и во јуни месец и тогаш не ми се одговори, а се однесуваше на овие две прашања. Во Куманово сточен пазар е среда. Тогаш се купуваат од разни овластени или неовластени лица жива стока и во две лоцирани места таканаречени средорек , дива населба таа стока се коле на отворен пат и тука се сече и се продава. Оттогаш наваму никој не ми одговори зошто тоа е така,

ниту пак појавата се спречи, туку напротив, тоа уште повеќе се омасовува, па постои оправдано страхување од неконтролирана продажба и неконтролирана здравствена положба на месото и самото место на колење. Тоа е едното прашање што сега по третпат го поставувам.

Второ прашање на кое не ми се одговори појавата како во Скопје, така и во Куманово некаде по тротоарите подолго од повеќе километри,затоа што улиците се користат и од едната и од другата страна лоцирани околу пазарот на таканаречени српски торбари кои продаваат стока по улици без да се плаќа данок на промет, без нешто да се прави, се поставува прашање до кога Владата ќе толерира ваква каде/ работа, па ќе ни се поставуваат прашања од ќе ги платиме трошоците за здравството, трошоците за пензиите ,кога не се плаќа данок на промет, а оние кои вршат регуларна трговија не можат да се носат со цените на овие нерегулирани продавачи. Сметам дека на овој начин на дилерство ќе треба да му се застане на патот. Одговор немам, меѓутоа, прашањето не е решено. Јас ќе бев задоволен од овие две прашања да немам одговор, меѓутоа, да беа решени случаите.

Овие прашања кои сакам да ги поставам ќе си задржам право да дојдат министерот за внатрешни работи и министерот за правосудство.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Има многу прашања. Прашање број 1. Зошто најдобриот генерален директор на јавното претпријатие "Електростопанство", господинот Коле Спасовски е сеуште на тоа место. Бидејќи кога беше поставен на истото даде изјава дека загубата ќе ја покрие без покачување на цената, односно внатрешни резерви, а сега загубата е двојно поголема, иако цената беше дупло покачена од Владата.

Прашање број 2. Зошто се извршени многу кадровски измени а новопоставените раководни кадри се без искуство и без основни знаења за раководење и многу се послушни на луѓето што ги поставиле од Владата во превод добри комунисти, послушни комунисти.

Прашање број 3. Зошто се носат работници од други претпријатија кога се знае дека во јавното претпријатие "Електростопанство" има вишок на кадри.

Прашање број 4. Зошто господинот директор должник на луѓето од Владата забранува работа со приватни претпријатија, а всушност се работи со приватни претпријатија на лица кои се новопоставени на раководните кадри во "Електростопанство" и се под негова команда.

До Владата на Република Македонија. ВО село Горно Косоврасти каде што живеат Македонци со исламска вероисповест, училишната зграда е престара. Според некои сознанија има направено договор помеѓу СДС и ПДП за поделба на интересни сфери. И така СДС ја кочи изградбата на ова училиште во ова село, со цел Македонците да се исламизираат во Албанци. Тоа за мене е национално предавство.

Прашање број 6. Многу ми е жал што овде не е министерот Фрчковски. Господине Фрчковски Вашето министерство ги дава дозволите . ..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа го поставувате на Министерството за внатрешни работи.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Господине Андов не ми ставајте на секое прашање сол или пипер.

I/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мора да знаеме каде ќе го упатиме, ако не е тука.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Вие на секое прашање нешто дополнувате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, само прашувам да се прецизира.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Господине Фрчковски Вашето министерство ги дал дозволите за извоз на нафта за Србија. Ме интересира колку е провизијата за СДС на Македонија и каде треба да ја уплатат и на која жиро- сметка.

До истото министерство. Зошто пратениците од опозицијата не смеат да влезат ни во дворот на Министерството. Значи ние пратениците од опозицијата сме пратеници од трета категорија, а граѓаните што не избираат од шеста категорија. Дали е тоа освета за интерпелациите што ги поднесуваме.

До Владата на Република Македонија . Се зборува дека деца на врвни министри на врвни функционери го пробиваат ембаргото со нафтата спрема Србија и дебело заработуваат се со дознака дека се многу вредни, паметни, умни и на крајот бистри како вода.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, пред да го поставам прашањето би сакал да замолам откако се формира оваа Влада многу, многу редок случај ќе видиме некој министер да дошол или претседател или потпретседател на Владата. Секогаш се отсутни, секогаш се зафатени со работа, изгледа земјата ќе цвета од нивниот

успех на работата што се постојано зафатени и немаат време да дојдат на Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега не е предмет Владата.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Господине претседателе, и тоа е во прашањето. Прашањето е упатено на Владата и затоа барам Владата да биде присутна.

Ако се извините дека грешите ова што ме укорувате ќе продолжам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

А, не, не.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Не, не ама не смеете да ми упаѓате. Јас си поставувам чисто прашање, прашање кое го интересира македонскиот народ. Не смеете да спречувате прашања што се од интерес за македонскиот народ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, за македонскиот народ на друго место ќе зборувате сега поставете прашање.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Ја знам јас агитацијата твоја.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Поставете прашање.

I/6.-

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Од вчерашното прашање што го поставив за забавиштата веднаш се интересираа родители, а поготово наставници од образованието да го дополнам прашањето со следното:до кога во забавишта ќе се црта и обојува југословенското знаме, а кога ќе почне да се црта и обојува македонското знаме кое е црвено со сонце. За тоа можам да ви покажам еден пример (го покажува цртежот) што и ден денес уште во забавиштата се вели дека југословенското знаеме се состои од три бои горе е црвената во средина е белата а долу е сината. Кога ова авторско право ќе се скрати и кога ние на внучињата наши ќе им кажуваме дека имаме македонско знаме, а не туѓо знаме. Веќе од донесување на македонското знаме со донесувањето на Уставот на Македонија имаме македонска држава со македонски белези, а уште се прави пропаганда со туги знамиња. И не е толку чудно што внучиња- та на дедовците дома им велат како бе дедо учителката ми вели дека не е тоа знамето ова е знамето со трите бои црвена,бела и сина. Барам ова да се симне и авторите да се земат на одговорност. Кога можеше да се даде одговор дека нашите спортисти што учествуваа под туѓо знаме било подметнато и тој член на тој комитет си поднесе оставка, а ние веќе овде во Македонија продолжуваме со ваква пропаганда.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Со оглед на тоа дека во контекст беше поставено прашањето дека е тоа во забавиштата, а забавиштата бидејќи сеуште се во рамките на Министерството аз труд и социјална политика, тоа е законска регулатива, мислам дека такви случаеви јас не верувам да има во Македонија, но бидејќи има тука некои слики, веројатно треба да провериме каде е тоа, за да преземеме некои мерки. Има закон за знаме и во Македонија

знамето е македонско, нема друго знаме. Да видиме во кое училиште тоа било.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Имам повеќе прашања , па ќе одам по ред.

Во Република Македонија има граѓани кои се сопственици на земјоделски имот и шуми . Според Уставот сопственикот има право да располага со сопствениот имот. Во однос на шумите имаме едно ограничување на сопственоста од работи за правото на сеча. Имено, сопственоста е ограничена со тоа што шумските стопанства вршат маркирање на дрвата и наплатуваат по кубен метар износ во денари што претставува своевидно купување на дрвата од страна на сопственикот. Со ова всушност на граѓаните им е повредено нивното уставно право на слободно располагање со сопствениот имот. Прашањето гласи:

Дали Министерството за земјоделство ги овластило шумските стопанства да вршат маркирање и да наплатуваат такси колку сака за тоа маркирање во висина на вредноста по метар кубен и доколку не ги овластило, што намерава да направи за заштита на сопствениците на шумите согласно Уставот за нивното право за слободно да располагаат со сопствениот имот. Барам писмен одговор.

Второ, за претседателот на Владата на Република Македонија господинот Бранко Црвенковски. Што мисли да направи Владата на Република Македонија со Железарницата во Скопје, ако се знае дека лично претседателот на Владата, господинот Црвенковски им има дадено ветување на вработените и на раководството на синдикатот во овој македонски гигант дека статусот на Железарницата под ингеренција на Владата и таа ќе се потруди да обезбеди пласман на производството. Вработените, колку што мене ми е познато немаат примено плата од месец август, а денеска сме веќе ноември.

I/8.-

Трето, прашање за господинот Бајалџиев, барам писмено да ми одговори. Нелегално формираната паралелка на албански наставен јазик во населеното место Огњанци, наставата во текот на вчерашниот ден ја одржало во чајџилница. Познато е дека чајџилницата има друга намена. Оттука се поставува прашањето и одговорот од Министерството односно министерот кој го овластил одделенскиот наставник да обавува и врши настава во чајџилница.

II/1 СП/НД

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:** (Продолжение)

Четвртото прашање се однесува на министерот Фрчковски и министерот за одбрана Владо Поповски. Барам одговор на следното прашање. Одговорот може да биде даден и во расправата по Интерпелацијата за работата на господинот Стојан Андов. Прашањето гласи: "Кога и кој ги извести дека господинот Стојан Андов го заменува претседателот на Републиката кога беше отсатен за време на неговиот престој во Њујорк и дали имавме целосно вршење односно преземање на функцијата или сепаратно. До колку има писмен акт да се цитира содржината.

Во однос на последното прашање го задржувам правото да дадам и други сугестии кога ќе дојде расправата по Интерпелацијата, а бидејќи министрите не се тука,затоа давам можност во Интерпелација- та да бидат присутни и да дадат одговор, а во спротивно барам писмен одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има уште прашања?

Има збор господинот Бајалџиев.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Господине претседателе, господа пратеници, бидејќи во потполност се согласувам со порано искажаните забелешки ва Вас пратениците особено господинот Пановски јас целиот се испотив бидејќи пеш доаѓав да дојдам и да присуствувам на чинот на доверувањето на поставувањето на пратеничките прашања. Го молам овој Парламент да заземе став или ако со Деловникот е тоа разревено да ми се соопшти. Ако Парламентот бара усмен одговор и министерот е овде истовремено

II/2

подготвен да одговори дали тој има некакво право да одговори, бидејќи пратеникот бараше писмен одговор јас сакам прво вие да го расчистите прашањето, а подготвен сум да одговорам,се разбира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

По правило се одговара усмено на седницата, а ако не може да се одговори на седницата, тогаш се дава писмен одговор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Кога го формулирав прашањето и кога побарав писмен одговор едноставно сметав дека му помагам на министерот да не даде некој произволен одговор, бидејќи тоа се случило вчера, па верувам дека нема информација. Тоа беше фактички прашање со кое го заштитувам министерот со тоа што барам писмен одговор.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Бидејќи станува збор за вчерашниот ден, а секоја вистина ако доаѓа од еден извор може да биде еднострана. Со истата резерва како пратеникот Стефковски, ќе речам, но во обратна смисла се разбира, немам никаква информација за држење на наставата во чајџилница затоа што до 13,30 часот во селото Огњанци беа мојот заменик и помошникот за основно образование. Таква директива не е дадена наставата да се држи во чајџилница.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ќе бидам краток, има четири прашања.

Првото се однесува до министерот Пешев. Што се прави со патот до селото Броштица - Дебарско, населено со македонци - муслимани, единствен пат за комуникација со Дебар.

Второто прашање е до господинот Бајалџиев. Барам дотичниот господин министер да ми одговори дали има издадено решение за

формирање педагошка академија на албански јазик, нормално со ваш благослов,

Третото прашање до министерот за труд и социјална политика прашањето е следното: Што мисли да преземе по повод отворањето на дива забавишна група во Дебар на турски јазик, а учениците се македонци муслимани.

Четвртото прашање е до министерот за урбанизам а прашањето е следното: Дали фирмата "Шутекс" од Шуто Оризари е изградена без градежна дозвола? Можете усно да ми одговорите господине министре.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

На господинот пратеник му е сигурно јасно дека во однос на постоењето, функционирањето, работењето на било која високошколска институција државата нема никакви директни ингеренции затоа што тоа се коси со автономијата на соодветните установи и е надлежност,се разбира на универзитетот односно заедницата на универзитетот. Но, дека е разговарано, впрочем да не се повторувам, во текот на вчерашниот ден дадов одговор дека на Владата се разгледувани некои одлуки од октомври 1993 година барана е нивната логика и оправданост, нивната законска основа, секако тоа е сторено во смисла на забрзување, разговарање и подготвување на можност како евентуално отворање, господине пратениче вие прашавте, па добро е да ме сослушате. (Реакција од претседателот да продолжи со дискусија). Господине претседателе ме прашува а не ме слуша.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Негов проблем е тоа.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Вчера реков дека кадрите во основното, предучилишното и средното образование се кадри кои се регулирани со Уставот дека наставата се обезбедува на мајчин јазик. Министерството ги испитува

законските можности за обезбедување што побргу воспитување или подготвување на кадри за наставници за предучилишното образование на албански и на турски јазик затоа што таква можност имаме и во рамките на Педагошката академија во Битола и во рамките на Педагошката академија во Штип подготвување на кадри за предучилишното образование на македонски јазик. Ако е се во ред, ако е законски, Министерството може само да му препорача на универзитетот тоа да се прифати.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Господине министре не барав историјата да ми кажувате, ве прашав дали имате издадено решение за формирање на Педагошка академија на албански јазик. Тоа е прашањето.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Бидејќи пратеникот не бара никаков историјата одговорот е не.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Во врска со поставеното прашање за некаква дива паралелка односно забавишна група во Дебар на турски јазик јас таква информација немам, имам информација дека во рамките на Законот е отворена таква паралелка во Дебар. Доколку има нешто вон законски сигурно дека Министерството ќе преземе мерки.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Имам три прашања и тоа многу жешки. Меѓу овие прашања кои ги поставија пратениците имаше прашања на кои треба да им се обрне поголемо внимание и да се дадат одговори, но не да се дадат само одговори туку да се испитаат фактите и да се даде решение на одговорите

Многу пати во моите истапувања, не сакам да држам говор, во ова Собрание, сега сум малку повлечен тоа е моја работа зошто сум повлечен, меѓутоа, останувам тој што сум бил Митко никој не може да го смени.

Првото прашање дали сите ние сме во состојба ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прашајте ја Владата и министрите, а не на пратениците, за тоа немате можност.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

До кога низ нашите улици ќе гледаме армија на безработници? Тука се јавува деликвенцијата, распродажбите, неплаќање на даноци, а дали е оправдано или не Владата нека одговори зошто не сме во можност да ги решиме тие прашања. Веќе три години сме тука а тоа прашање од ден на ден се натрупува и останува нерешено.

Второ прашање да ми се даде одговор од Владата,но одговорот треба да го даде Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, односно директорот на Фондот. Овие денови имаше преговори меѓу Владата и Фондот. Видете во што е прашањето. Читав денеска во весникот дека армијата од пензионери платите за октомври ќе ги земат некаде во јануари. Уврени сме во тоа дека немаме можности, но треба да знаеме една работа, па да не се правиме многу големи петли и многу научници и да сееме памет на народот, зборувам за сите пратеници без разлика од која партија се, не сакам да навредувам, да не се правиме дека сме обрнале големо внимание на пензионерите затоа што утре и вие 1се дојдете на пензија. Ако така продолжиме да го решаваме пензионерското прашање, но не знам колку Владата е компетентна, тука повеќе е компетентен Фондот значи пензионерското прашање ќе остане никогаш нерешено. Јас знам зошто е така, но не навлегувам во тоа само сакам

одговор од директорот на Фондот. Прашањето конкретно е договорите што се водеа помеѓу Владата и Фондот дали најдоа некое делумно решение исплатите на пензиите да се вршат барем некаде до 10-ти во месецот без разлика на сите пензионери. Дали тоа го направиле. Ако тоа не го направиле тогаш не сме направиле ништо.

Третото прашање, тоа прашање можам да го поврзам со една моја поранешна, нека ме извини пратеникот од Демир Хисар (Наќе Стојановски) јас требаше малку да се консултирам, па нека ме извини најдлабоко. Овие денови пак го посетив Смилево, не се смејте господа, оној што се смее сее само иронија и демагогија. Овие денови го посетив Смилево: Тоа беше во врска со стогодишнината од ВМРО, за жал таму не најдов многу луѓе да стават цвеќе на нашиот водач, а се биеаја во градите дека се не знам какви и ми падна во очи да го поглед- нам патот делот што го почнаа на времето да видам до каде стигнаа, до кај стигна првата влада до кај стигна оваа Влада. Не знам во меѓувреме зошто застанаа работите на пола пат. Тоа може да го потврди господинот пратеник од Демир Хисар, стигнаа до пола пат и тука работите застанаа. Не сакам да потенцирам зошто тоа го барам и ќе го барам. Затоа што кога славиме стогодишнина на ВМРО, а знаеме дека еден од основачите на ВМРО е Даме Груев. Од друга страна тука се одржа конгресот на ВМРО. Значи, во овој период кога славиме не треба да пееме некои стихотворби и песни и да промовираме некои книги не знам какви, за тоа подоцна ќе зборувам кои се тие луѓе, меѓутоа прашањето е до Владата. Зошто Владата не обрна внимание дека кога се слави 100-годишнина требаше барем патот до селото да биде завршен. Внатре во селото и споменикот каде се одржа конгресот и тој е урнат и не е направен. Мојата партија ќе стави плоча, само да не не претекне некој друг, но тие другите ниту одат таму но еве гласно и јасно изјавувам дека ние ќе ја

ставиме плочата на местото на Даме и на местото на Конгресот. Барам од Владата да ми одговори зошто не е направен патот, зошто споменикот на Даме каде е погребан е во таква положба како што можете сите да видите ако го посетите Смилево. Тоа се тие три мои прашања.

**Т0МИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во меѓувреме, откако отидов од оваа говорница од надлежните министри дојдоа и министерот за образование и физичка култура и министеррот за правосудство и управа. За секој од нив имам по едно прашање на кое тие треба да одговорат.

Првото прашање е до министерот за образование. До кога во основното училиште во село Лопате Куманово, на влезната врата ќе стои паролата "Друже Тито ми ти се кунемо да са твог пута не скренемо". Ќе го кажам составот на оние кои го посетуваат тоа училиште. Еден дел се македончиња, а поголем дел се албанчиња. Наставата се изведува на два јазика на македонски и албански. Иконографијата е на јазикот на кој не е школото. Се постави едно прашање од господинот Трајан Мицевски до кога ќе се цртаат знамиња на Бивша СФРЈ наместо знамето на Република Македонија. Во кулоарот каде децата ги даваат своите експонати стојат исто така тие знамиња и ликот на Тито во повеќе варијанти кое дете како можело да го види и која слика ја имало пред себе и го прецртувало. Се прашувам, на тоа министерот да ми одговори,дали во една самостојна држава ќе имаме туѓа иконографија, туѓи јазици и туѓа идеологија. Македонската држава не заслужува да се колне да не скрене од некој пат и што е најбитното вториот дел кој го оставив за крајот на прашањето дека во нашите жили тече титовата крв.

II/8

Ова прашање го поставувам од директно гледање, во исто време кога ова го имам видено со мене беше и колегата Бранко Арсовски, можеби запазил но, јас гласно го поставив. До кога ваква работа ќе ни се случува, а одговорот беше така е решението на министерот па барам да добијам одговор.

III/1 .-СС/МЛ

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Јас ќе го замолам господинот пратеник да ми посочи кое е тоа училиште, каде е таа иконографија и решението со кое министерот тоа го наредува. Со задоволство тоа би го погледнал.

Едно мало објаснување. Во Републикава за година дена променивме 136 имиња, ако ми дозволи пратеникот две реченици, ова не е историјата, при што во интерес на сериозноста на процесите, во интерес на континуитетот на историјата врвни стручњаци академици ни предложија меѓу бројните имиња што порано беа Маршал Тито или Јосип Броз Тито пет училишта од основното образование и едно од средното и натаму ќе останат со името Јосип Броз Тито. Заради континуитет и заради еден сериозен пристап кон историјата. Историјата од дистанца тоа ќе го каже, а се разбира тоа не е прашање за дневно политичко разговарање, особено кога 40 до 50 имиња во основното, само со името Тито беа избришани.

Во однос на иконографијата рековме, бидејќи сме сиромашни со средства и со многу што, секаде таму каде има нешто гравирано во ѕидот или во она што е опрема во училиштето, при првата реконструкција тоа неосетно, не со нападност да се стори. Не би требало за време на целодневна настава или редовно работно време. Летото, сите училишта беа исфарбани и до последното, ве уверувам деидеологизирани на тој план.

Ако станува збор за некоја плаката или напишано на некое платно ќе земеме сериозни мерки против инспекторот и соодветната подрачна единица. Но, ве молам да ми го дадете и решението со кое министерот наредува или им е наредено на луѓето така да постапуваат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Стојановски дополнително.

Имав трпение да го слушнам министерот. Му благодарам за она што го кажа. Меѓутоа, требаше да ме слушне како говорам.

Јас реков иконографијата на влегување стои, не кажав димензии, ако случајно мисли на платно кое има димензии 2,5 метра на еден метар и стои "друже Тито ми ти се кунемо да са твога пута не скренемо", ако ова е нешто случајно, тогаш јас се повлекувам.

Ако е случајно да стои, исто така во тоа училиште и ќе го лоцирам, реков основно училиште во село Лопате Кумановско, од Куманово до таму има 2,5 км пат. и, нека е името. Сега ќе кажам и за иконографијата.

Ако беше иконографија да стоеше само сликата, јас немаше господине министре да се јавам овде. Идеологијата стои што во македонските, во македончињата тече титова крв. Тоа е идеологија. Е сега, тој ниту е татко ниту физиолошки ниту идеолошки и не може да дојде некој да му тече крв после ова. А вие, како министер, дали тоа го знаете или не го знаете, е ваш проблем. Проблемот на министерот е во незнаење да бара а не да се расправа ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немате вие прашање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете, министерот два дена...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова се прашања.

Министерот два дена овде ги прашуваше пратениците, а името на дневниот ред е пратеничко прашање. Министрите даваат одговор а не прашуваат. И еднаш, господа министри само вие одговарајте и со пратениците немате потреба вие да се расправате. Вие ќе спремите одговор, го знаете - не го знаете. Тоа е.

И, да знаете една работа. Во тоа школо, пак ќе ви кажам, ако имате потреба и ако сакате да се уверите, на мој трошок, сега, јас ќе ве однесам тоа да го видите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има уште прашања?

Господинот Бајалџиев да дообјасни за прашањето.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Пратеникот посочи дека има акт од министерот со кое се наредува...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ќе ви каже надвор.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Ве молам, пред јавноста може да испадне лага.

Господине пратениче ве замолив, оти вие инсистиравте дека има таков акт. Покажете го тој акт со кој министерот ја соочува старата иконографија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова не е истрага, ве молам овде не бива така. Само прашања поставуваат пратениците. Нема што да се одговара на тоа.

III/4.-

(Пратеникот Томислав Стојановски се упатува кон говорницата).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам, реков една работа, јас преќе добив одговор, тоа е одлука на министерот и затоа употребив нека министерот го слуша прашањето, а не наизуст да одговара.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ве молам дали има уште прашања? Господинот Стојановски има уште прашања.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Пред неколку дена или недела, на македонската телевизија гледав еден програм за некаков си митинг или не е некаков си митинг тоа си е митинг што го организираа луѓе на Гевгелија по однос на одговорност на претседателот на Општинскиот суд во Гевгелија Јован Диманчев.

Последната реченица на спикерот беше дека оние што учествувале на митингот имале непобитни докази дека постоеле злоупотреби и не знам што се уште одеше на личноста на претседателот на Судот што, ако е така, само што наведува да имаат непобитни докази за кршење на Законот од страна на судијата, злоупотреба на судиската функција и слично, сакам да ми се одговори дали навистина постоеле луѓе на кои им биле одземени патни исправи поради кривична одговорност во судот на необјаснив начин тие патни исправи отишле од таму и луѓето со тие патни исправи се наоѓаат надвор од Република Македонија. Тоа е едно.

Дали сеуште нови процеси што се јавуваат околу недозволена трговија или нешто слично, таква работа, луѓето, откако ќе се поведе

постапка се пуштаат и одат надвор од Македонија. Па, се приговара на тоа дека има улога и претседателот на Судот.

Ова се сериозни работи што никому како на човек не му даваат право да остане да седи на една столица, а не да спроведува судска власт.

Го прашувам министерот дали воопшто се позанимавал со овој проблем и дали има конкретни преземени мерки за утврдување на ваквите работи или не и ако нешто има, што е преземено околу одговорноста на тој судија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој ќе одговори?

Има збор господин Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Известени сме дека во Гевгелија има протестен митинг против претседателот на Општинскиот суд во Гевгелија каде и беше кажано во печатот и на телевизијата. Наводите што се кажувани таму, постои постапка каде можат да се проверат тие наводи што се искажани.

Сите кажувања без строго формална процедура за проверување на тие факти и докази за да се утврди материјалната вистина за некој да биде прогласен за виновен или невиновен, постои таа соодветна процедура. Сеуште стоиме на сама импровизација на кажување што не е упатно да се дискутира без да се изнесат соодветни факти и докази и да се спроведе таа соодветна формална процедура за претседателот на Судот.

За законитоста на работењето на претседателот постои инстанционото судење. За секоја незаконита одлука што ја има донесено

претседателот има право секој граѓанин на правен лек кој сака да го оствари своето право. Доколку се докаже дека претседателот на Судот во таа постапка ја злоупотребил судската функција, тогаш ќе покренеме постапка за разрешување на самиот судија.

И тоа да го нагласам пред ова Собрание, за да се спроведе постапката за разрешување на судии непобитно се поставува прашањето ова Собрание да го конституира Судскиот совет. Прво, во соодветна постапка да утврди дисциплинска повреда на судијата и да се спроведе таа постапка пред Собранието за да може да биде предмет за разрешување.

Од наша страна, како Министерство, е спроведена постапка преку Управниот инспекторат каде се и нашите ингеренции, согласно на членот 117 од Законот за органите на управа. Сите наводи што ги имаме утврдено се ставени во записник и нема основ за поведување на таква постапка. До колку митинзите, кажувањата се основ за покренување постапка за одреден судија, тоа ние ќе го направиме. Не сакаме никој во оваа држава кој сторил одредени негативни реперкусии и ги остварил преку своето работење, ја злоупотребил својата функција, ќе биде спроведена таа постапка и во таа соодветна постапка и строгоформална процедура да се докаже таа вистина. Само на овој начин ќе ја заштитиме правната држава, дигнитетот на луѓето и утврдување на таа материјална вистина каде пресудата ќе биде целисходен одраз на логична целина на сите факти во таа соодветна процедура. Инаку, сите други кажувања се само обична импровизација, недокажана, која негативно се одразува на остварувањето на самата судска функција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Стојановски има дополнително прашање.

III/7.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не разбирам дека за она што говореше министерот се работи некој дали е виновен или не. Крајно, судската пресуда ќе каже по однос на вината.

Меѓутоа, овде имаме еден митинг на луѓе од три илјади и повеќе луѓе кои се повикуваат на одредени работи, даваат одреден број на предмети, именуваат одредени луѓе кои навистина се надвор од државата откако биле во притвор. Откако патната исправа им е одземена како гаранција за безбедност дека не може да патува во странство, тие две патни исправи се од таму, од кај тој човек нестанати. Беше прашање дали, ако не друго, овие работи што се наведоа, дали беа формално од министерот да се запознае дали постојат или не. Не дали е тој виновен или не. Јас не барам овде да ми се каже пресуда виновен или не е виновен. Тоа ќе го каже судот. Овде не барам од никого тоа да го направи.

Мене ми е прашањето дали ваков револт на граѓани што укажуваат да се пуштаат криминалци да одат надвор, против кои се води кривична постапка е само индиција или е и основ, ако ништо друго, барем за разговор. До кога правно - формалната работа ќе трае и ќе се испитува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Јас, неслучајно реков дека треба да се спроведе соодветна процедура за да се каже дека некој сторил или не сторил. Тоа се констатира со правосилна пресуда.

Имено, согласно членот 13 и 15 од Уставот правната презумција, се додека не се утврди со правосилна пресуда ние не смееме на некој да кажеме дека сторил или не сторил или е виновен или не е виновен.

Стои фактот дека одредени патни исправи има изгубено од тој суд. Стојат тие факти. Но, не смееме случајот да го експонираме се додека не се донесе правосилна пресуда да се утврди кој е виновен или невиновен во врска со ова дејствие. Ако одиме поединечно да го решаваме случајот, без да имаме правосилна пресуда, тогаш ја рушиме правната презумција за невиност - се додека не се донесе конечна пресуда и некој да биде прогласен за виновен или невиновен тогаш може ние да дискутираме.

Реков дека преку Управниот инспекторат кој е во наша надлежност правиме проверки за спроведување на вршењето на судиската функција на застапување на роковите, администрацијата, остварувањето на правата и слободите на граѓаните, но никако не смееме да се мешаме во мериторното одлучување на судот при утврдувањето што е право, што е неправо во одредените случаи што се случуваат на граѓаните.

Оттука, сметам дека не е потребно да го елаборираме тоа прашање тука, се додека не се донесе конечна правосилна пресуда.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Стојановски бара збор.

Ве молам, вие влегувате во расправа. Да видиме дали има дополнително прашање.

III/9.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не сум задоволен од одговорот.

Кога господинот министер ми говори за правосилна пресуда, пардон, тоа е така. Меѓутоа, министерот кажа таму снемало патни исправи. Ако нема кривична одговорност, има достоинствена одговорност на претседателот на Судот. Ни бегаат криминалци кои продаваат оружје и нафта. За тие луѓе тоа се однесува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Господин Пановски сака да постави прашање.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. Со оглед на тоа што премиерот не е тука во салата, мислам тоа е нормално за пратеничките прашања, тој никогаш не присуствува, инсистирам, ќе поставам едно прашање на кое инсистирам да добијам писмен одговор од претседателот на Владата како претставник на Владата, односно да одговори на моето прашање:

Зошто Владата не сака да ги исплаќа пензиите на време на пензионерите и да ми одговори точно за колку пензии ќе бидат оштетени пензионерите до крајот на годината?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Сабриу.

(Пратеникот Михаил Пановски повторно се упатува кон говорницата).

Ве молам, одете си вие на место.

III/10.-

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Во текот на вчерашниот ден исто така беше од господинот Николовски побаран писмен одговор. Исто сега и јас барам писмен одговор и не сакам да ми одговара министерот. Барам од Владата да добијам писмен одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, во ред е.

Има збор господинот Гошев.

(Реакции од страна на министерот).

Ќе го изјавите на друго место. Можете исто така, но одговорот ќе биде упатен пак до јавноста, до сите пратеници, така што тоа не менува ништо.

Молам, има збор господинот Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Дами и господа, јас вчера бев апострофиран и апострофирана Демократската партија. Според тоа, имам право...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не за тоа немате...

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

... имам право...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, прашање да поставите имате право, само прашање да поставите.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Ве молам, дозволете ми да одговорам на она што бев по име и презиме спомнат...

III/11.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не вие за тоа можете да...

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

... и истовремено...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам...

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Ве молам, вие одржете конференции за печат...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, да, вие овде само за прашања да си поставите можете.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас имам право...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, не . ..

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

... бидејќи бев апострофиран по име и презиме, по име и презиме...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, господине Гошев...

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

.. тоа е практика во Парламентот,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, ве молам прашањето е поставено до Владата. Тоа прашање е поставено до Владата а не до вас.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Прашањето можеше да биде до Владата поставено, но моето име беше спомнато.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имиња се спомнуваат и за оние кои не се членови на Парламент. Не можеме да ги повикаме овде да објаснуваат. Не може, вие само прашање да си поставите, ништо друго.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Тоа не е никаков аргумент...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само прашање да си поставите.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас имам право...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не господине Гошев, само прашање...

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас имам господине претседателе и немојте демократската постапка и процедура да ја вртите како ќе ви текне.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, вие само прашање да си поставите имате право за што и добивте збор.

III/13.-

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас ќе поставам и прашања повеќе, ќе поставам јас и прашања...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Поставете го прашањето.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Ќе поставам, но имам право и да одговорам на тоа што беше поставено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во тој контекст, во прашањето ако можете нешто да објасните е ваша работа...

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Во тој контекст ќе објаснам, баш во тој контекст за да ги поставам и прашањата други.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде, поставете прашања, ве молам.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

И ве молам, почитувајте го редот на работата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, вие да го почитувате господине Гошев и немојте да спорите со мене. Вие сте овде пратеник. Јас сум ви дал збор. Ништо повеќе.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Немојте да пишувате секој ден деловници.

III/14.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, немојте вие да измислувате свои права овде. Ги имате само тие што ви следуваат.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас се надевам дека...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ја прекинувам седницата.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас се надевав дека тоа ќе го кажете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза од половина час.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас управо се надевав дека ќе ја прекинете седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Е, па, тоа ви беше и намера нели?

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Тоа ви беше вам...

(Седницата прекина со работа во 13,35 часот).

(по паузата)

Седницата продолжи во 15,00 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Продолжуваме со пратенички прашања.

За збор се јави господинот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Господине претседателе, јас имам прво деловничка забелешка а тоа е според членот 105 имам право на појаснување заради тоа што ставот 3 од тој член вели: "Ако делегатот побара збор за да поправи наод , кој е неточно изложен, или кој дал повод за недоразбирање, или предизвикал потреба од лично објаснение претседателот ќе му даде збор штом својот говор ќе го заврши оној кој ја предизвикал потребата од поправка. Во својот говор делегатот мора да се ограничи на попоравката односно на личното објаснение, а неговиот говор не може да трае подолго од 5 минути". Тоа е во врска со правото да објаснам нешто што било кажано и предизвикало потреба да објаснам.

Според Деловникот имам право.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа право е таканаречената репркика. Тоа се однесува кога нешто е наредено што се однесува на личноста на пратеникот, тогаш делегатот. Јас колку што се сеќавам исто така го консултирав и стенограмот, поставувањето на прашањето не беше спомната личноста на господин Гошев, туку неговата партија. И нека се подели стенограмот да го види ако треба.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Да. партијата на Петар Гошев, тоа е точно.

**СТОЈАН АНСОВ:**

Да,само тоа е речено.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Значи, не е спомната личноста.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не се однесува на личноста.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Вие не треба ниту тоа да го исполнуваме. А како може да не се однесува на личноста ако претседател на таа партија е тој Петар Гошев.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е веќе друга работа. Тоа на партијата се однесува. Ако речат дека претседателот на партијата тоа го направил веќе тоа е друга работа. И тоа е само во форма на прашање поставено.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Ова е многу интересно...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, ќе го дадеме на изјаснување ако сакате, да видиме има ли право на реплика по такви прашања.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Нема потреба, не сакам да ги мачам луѓето за нешто што е сосема јасно. Ако ви ене ми давате збор ќе констатираме дека не ми давате збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ти давам збор да поставите прашање.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

И јас ќе поставам прашање, имам јас полно прашања, меѓутоа имам право и на објаснување според Деловникот.

Ќе почнам само во форма на прашање за да не добие причина претседателот да ја прекине седницата.

IV/3

Прво прашање е зошто Владата на РМ објавува или изјавува преку претставници дека ги krши санкциите на ООН према Србија односно СР Југославија. И, какви се штетите од таквите настапи на владини претставници.

Прв пример за тоа е изјавата, интервјуто на потпретседателот на Владата на РМ во ПУЛС каде што вели дека Македонија во овој период живееше од кршењето на санкциите. Втор пример е пишувањето во весникот ПУЛС цензурирано и напишано во просториите на господинот министер Фрчковски со полувистини и дозирани информации. Трет пример е претставник на владината коалиција, членот на Парламентот господинот Душан Николовски повторно преку такво прашање се инсинуира дека Владата на РМ ги krши санкциите на ООН. Во исто време таа Влада и наштети. државни претставници бараат од ООН отштета затоа што Македонија ги почитува санкциите и има голема економска штета. Кој треба да одговара за тоа и која е штетата од тоа и што Владата мисли во врска со тоа. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е иако морам да бидам искрен оваа тема Демократската партија и Петар Гошев не сакаат да ја отвораат и мене ми е жал што треба да се говори за кршењето на санкциите, затоа што лично и јас би ги прекршил секогаш тие санкции до колку таа меѓународна заедница не одговори на обврските кои што истота така ги има према РМ. Македонија мора да живее. Меѓутоа, ова сега што го прави Владата го открива, Владата изјавува дека се кршат санкциите и за тоа треба исто така некој да сноси одговорност и јас барам што мисли со таквиот начин на работа Владата на РМ.

Второ, кога веќе говориме за таа тема и ја отвора самата Влада таа тема на смислен начин, прво преку написите во некои весници зошто таа Влада не го изнесува комплетниот список ва претпријатија, на лица во приватен и општествен аранжман кои вршат трговија на нафта со кафе со цигари кршејќи ги санкциите. Зошто не каже оваа Влада на кои

партии им припаѓаат тие лица и кои политичари се инволвирани во сето тоа. Има информации за тоа комплетно. Господата во внатрешни имаат предантни списоци и информации, затоа што тие се едни од тие што ја креваат рампата нешто да помине, или да не помине, а неколку луѓе во Владата на РМ тоа истото совршено го знаат затоа што исто така тоа без нив не оди. Затоа само ќе прашам уште нешто.

Дали е вистина дека во ова, во овие зделки се вклучени Фер-шпед, со чиј благослов , со чии дозволи и колку до сега има пренесено нафта? Се разбора јас немам против да се работи, да се тргува но во принцип, да не ме сфатите погрешно овие организации што јас ги спомнувам дали е точно и со чиј благослов Макошед врши исти дејанија. Дали е точно и со чиј благослов добива дозволи"Миткомерц"? На чии интервенции "Миткомерц" добива дозволи да се занимава со тоа. Се разбира има одговор на тоа , но ќе го кажам во некоја наредна прилика.

Дали е точно дека "Ламида" од Кавадарци исто така се бави со тие активности? Дали е точно дека "Јукогомерц" се бави исто така со тие активности? Дали е точно дека во овој момент има над 1100 вагони нафта распоредена по овие фирми која што мора да добие разрешница како што добиле многу други. Дали на Владата и е познато кои влијателни политичари стојат зад сето тоа и чии интервенции се најчести во врска со добивањето на дозволите и поминувањето на сето ова?

Исто така ја прашувам Владата кога од владини претставници, коалициони партии доаѓаат вакви оптужби за тоа дали некој тргува или не тргува, дозволено или недозволено со злосторници, или незлосторници? На кого може тоа да се однесува да ми одговори Владата.

Дали тие дозволи, за да се извезе нешто такво, треба да се добие дозвола од Министерството за стопанство. Тука е министерот за стопанство. Дали е, исто така точно за да се влезе во овој бизнис потребна е дозвола од Министерството за односи со странство.

Демократската партија нема министер за развој, Демократската партија нема министер за односи со странство. Дали е точно дека треба документи комплетно од царината, а таму СДС назначи директор од неговите редови од Демократската партија нема таму директор. Дали е точно дека за да помине некоја композиција треба амин да даде Министерството за внатрешни работи, нејзиниот прв човек кој што исто така е член на СДС? Дали е точно дека во последно време е потребна согласност од Комитетот за санкции на ЌЕБС за да може исто така некоја работа со нивно знаење да помине покрај оние што без нивно знаење поминуваат, или можат да поминат. Дали е точно дека од неодамна српската страна има во Македонија специјален пратеник, заменик министер, кој заедно со овластеното министерство за развој усогласуваат стоковни листи и дека без нивен параф нема амин за поминување на стоки од едната на другата страна. Демократската партија, ни Петар Гошев немаат такви овластувања и немаат такви министри.

Според тоа следи прашањето до Владата, кој тргува со господинот Милошевиќ, со господинот Шешељ, со господинот Аркан и со други злосторници какви што се тука спомнувани?

Актуелната власт или некој надвор од актуелната власт. Но, овде би поставил и други прашања до Владата.

Прво, зошто само тие луѓе добиваат дозволи за таа дејност, овие апострофирани и уште неапострофирани, кои што се регистрирани за таа дејност а има многу други што се исто така регистрирани за таа дејност не можат да добијат дозвола. По кој критериум Владата им ги издава тие одобренија преку сите овие министерства и царински дозволи на тие лица, на тие шпедиции за да може да поминат кон Милошевиќ, кон Шешељ, кон Аркан итн. Во врска со тоа го поставувам прашањето. Колку треба да се плати и да се влезе во тој круг на привилегирани и кому треба едноставно треба да му се плати?

IV/6

Второ, зошто државата односно Владата воведе такса за извоз на нафта со толкаво големо задоцнување иако одлуката да тргува кршејќи ги санкциите е многу одамна и за колку е оштетена државната каса во врска со тоа? Имаше корекција на таа одлука и тоа го знаат тие што се бават со тоа.

Трето, зошто ако луѓе од власта мислат дека тие работи се недозволени, а очигледно мислат дека се недозволени бидејќи поставуваат прашање во врска со тоа, едноставно не ги спречат бидејќи власта е во нивни раце. Зошто таа власта не затвори некој што тргува со Милошевиќ, со Шешељ, со Аркан? Исто прашувам јас ако тоа е недозволено. Ако власта за тоа има аргументи ви советуваме да не го штедите ниту еден член на Демократската партија почнувајќи до Петар Гошев Веднаш да го сторите тоа. Ако имате аргументи за тоа а не го правите тоа прашувам зошто дозволувате беззаконие и непочитување на законите.

Четврто, дали е точно дека дозволите за отворање на фри-шопови ги потпишува лично господинот Фрчковски и дека за тоа има добра тарифа? Дали е точно тоа дека господинот Гуштеров како потпретседател на Либералната партија ја доби дозволата да го снабдува Аеродромот каде што е директор членот на Парламентот господинот Крстевски, член исто така на раководството на Либералната партија.

Петто, зошто актуелната власт кога ја има кај себе полицијата, службата, полицијата која што се повеќе се вмешува во партиските активности за дискредитирање на партиски личности, се повеќе и за тоа има полно аргументи, зошто кога оваа Влада и власт ја има таа полиција ја има Службата за општествено книговодство која може да буричне во секоја жиро сметка на секое претпријатие, на секое приватно лице не провери од каде Демократската партија наместо да продава магла низ вакви гнасни прашања и институции. Тоа може на лице место да го провери и да го извести Парламентот и целата македонска јавност. Ние

бараме таков извештај да направи полицијата на господинот Фрчковски и Службата на општественото книговодство и да се извести веднаш македонската јавност. Веднаш да се извести затоа што нема Петар Гошев и Демократската партија што да кријат.

Шесто, кога сме кај овие нешта, со која согласност железницата го подготви упатството како да се одвиваат овие трансакции? Не ли е тоа со амин на оваа Влада?

Седмо, зошто овој гнасен напад го прави сега актуелната власт односно оваа Влада? Дали тоа го прави заради тоа што Демократската партија е во голем подем. Немајќи аргументи за спречување на тој подем

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте партиски пропаганди овде.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

преминува на сталинизам .Прашувам господине претседателе. Владата ја прашувам господине претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да не претерате само.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Дали за тоа што сака да го сврти вниманието на јавноста од главните проблеми кон други проблеми кои што ни случајно не се идентични како оние што навистина постојат. Дали тоа го прави по истиот рецепт оваа власт како што го правеше господинот Милошевиќ и го прави кога покрена одредени судски постапки за да го сврти вниманието на јавноста а од тие судски постапки не излезе, се разбира ништо, бидејќи ќе- требаше да се поапсат сите тие таму прво во власта.

Го прави ли тоа оваа Влада во овој момент кога преговара тајно со одредени националности за битни прашања од уредувањето на РМ, за што Демократската партија имаше соопштение.

Од Владата бараме, кога власта, кога Владата ќе најде дека Гошев е замешан во некоја валкана, противзаконска работа, барано е веднаш да им пише на сите македонци и внатре и надвор од Македонија и на сите немакедонци за да ги извести навреме. Тоа го барам јас лично.

Дали Владата мисли да преземе нешто во врска со ова писмо на господинот Мухамед Халили. Тој вели: ако се точни наводите, се разбира има ако, изречени на 68-та седница на Собранието на РМ од страна на пратеникот Николовски дека Демократската партија чиј претседател е господин Петар Гошев се финансира со воено-профитерство во тесна соработка со воениот злосторник Аркан, тогаш таквиот чин претставува антидржавна и антимакедонска активност на господинот Гошев, која е директно насочена против самостојноста и интегритетот на РМ, а со крајна цел Македонија да се приклучи кон СР Југославија. Навистина интересно. Ако наводите се докажат тогаш Владата на РМ ќе биде должна да го пријави господин Гошев на Меѓународниот суд за воени злосторства во бивша Југославија за да му се суди за сторените дела. Јас ја повикувам Владата дали ќе преземе нешто во врска со тоа и ако мисли да преземе веднаш уште утре да го преземе сето тоа. Дали ваквата политика на оваа Влада повторно ќе ја натера оваа власт да поднесува декларации на усвојување со кои што се бара политичка рехабилитација за прогонувани и осудувани за борба за национална слобода на македонскиот народ, за самостојност на македонската држава за човекови права и граѓански слободи како што тоа вчера го поднесе пратеникот координатор на пратеничката група на СДС. Дали продолжувајќи со ваква политика во континуитет, заборавајќи некои тешки лекции од минатото по извесно време повторно некоја пратеничка група со некои од истите, или можеби нови ќе почувствува морална грижа да поднесе уште некоја декларација од тој вид.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (ПРОДОЈТЖЕНИЕ)

Дали повторно ќе имаме на страниците на "Нова Македонија" со овие наслови: да се симне срамната етикета. Се работи за господинот Ефтим Гашев кој што е осуден 12 години за борба за самобитност македонска, кој што одлежал 7 години, неговиот братучед е осуден 12 години кој што ги одлежал 12-те години, кој што е сега член на Демократската партија. Ќе имаме ли повторно такви наслови со ваква политика и со вакви срамни етикетирања.

Имам уште едно прашање кон Владата, а тоа е дали актуелната власт е подготвена и да убие само да ја сочува власта која што ја поседува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова последново прашање веројатно и сам пратеникот би го бришал и од стенограм.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Во врска со последното прашање господине претседателе, вие имавте некои изјави во печатот и како партија и како личност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам бидејќи се овде некоја серија прашања Владата нека оцени кога во текот на Шеесет и осмата седница може да ги систематизира, да се извадат од стенограм, нека и се дадат на Владата н да одговори писмено или усмено.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас барам исклучиво писмен одговор од писмен одговор. Друг не сакам да слушнам, затоа што и поставеното прашање што го провоцира

сето ова беше барано да биде одговорено исклучиво писмено.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Господине претседателе, ако ми дозволите на прашањето што се однесуваше до мене, јас да му одговорам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прашањето е што ќе преземе Владата? Владата ја прашуваат, вас не ве прашаа. Вие ќе си одговорите во печатот, друг пат овде можете да одговорите. Ве молам, немојте да ги мешате работите.

Се покажа дека оние кои најмногу се залагаат за пратеничките прашања го деградираа институтот до крај и држат експозеа овде. Од двете страни е тоа и ништо друго.

Дали имате други пратенички прашања?

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Кој каква политичка лакрдија ќе изнесе овде пред ова Собра- ние е прашање на неговиот морал како што имавме вчера прилика да го чуеме почитуваниот колега Николовски.

Меѓутоа, сакав да поставам едно конкретно прашање до Владата. Дали Владата од остварените средства од продажбата на општествените станови за чија што сума не сум информиран колкава е, ќе оддели средства за повраќај на девизните штедни влогови?

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Сите средства наплатени во готово во ефективни конвертибилни валути се искористени за исплата на девизните штедачи.

V/3.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали господинот Андоновски е задоволен од одговорот?

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Задоволен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали имате други прашања.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас секогаш слушам кој што ќе каже, било кој да е и така и се однесувам. Јас чекав да дојдат одредени министри, или претседателот на Владата, па да ги поставам прашањата. Веројатно претседателот на Владата не сака да дојде и не сака да дава одговор и одредени министри ги нема, па затоа ќе ги поставам прашањата, а барам да добијам одговор во писмена форма.

Првото прашање е до Министерството за урбанизам, градежништво и сообраќај, една нелогичност се спроведува монопол по мое наоѓање градската автобуска станица во Скопје воведува перонска карта со вредност од 20 денари, а картата наменета за патник кој треба да патува до друга одредница е 10, или 15 денари. Произлегува дека цената на перонската карта е поголема отколку картата до каде што се патува. Тоа е една страна. И настанува војна помеѓу претпријатија- та кои вршат транспорт, превоз на патници, едни ја користат станицата, а други надвор од станица. Па затоа Министерството ова да го утврди и да се реши ова прашање. Барам писмен одговор.

Дознав со известување од министерот за внатрешни работи дека Република Македонија добила меѓународна ознака со МК, што значи дека нашите возила ќе треба да носат ознака како државна ознака МК.

Постојат повеќе од половина сеуште носат ЈУ ознаки и тоа некои ставаат и повеќе, а тоа прави несигурност и непријатност меѓу граѓаните. Ова прашање го поставувам од овие причини. Се случи една ваква работа на бензинска пумпа во Куманово. Стојат две возила со белградска регистрација, луѓето молат да им се дадат по два литра бензин како би можеле да излезат од територијата на Македонија. Од 12 до 18 часот таа молба не била исполнета. Меѓутоа, стојат на ред возила кои имаат по четири, или пет ЈУ ознаки. Го прашав оној што продава бензин: зошто не им дадеш бензин на овие луѓе? Тој вели: тие се од друга држава, а на овие, вели, овие се од наша држава. Јас направив едно толкување на тоа БГ. Се уверив по она дека тие луѓе се од Богданци, па реков дека Богданци е во Македонија, нека им дадат бензин на нив, а овие се припадност на туѓа држава и нека ги вратат назад. Затоа господа, ако сакаме да имаме држава...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ама вие прашајте прво, а решенијата ќе ги наоѓаат тие.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете претседателе, тоа ѕвоно ви го ставија таму да држите ред, а не да ме учите што да зборувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не. Ве молам, јас морам да пазам што зборувате. Јас само затоа сум тука.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, слушајте ме, реков зошто ме навело да го поставам прашањето. Прашањето е, кога министерот за внатрешни

работи, надлежен министер ќе донесе одлука да се симнат ЈУ ознаки- те и да се стават МК ознаки?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ете, тоа е прашањето.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова се однесува до претседателот на Владата на Република Македонија. Тој може да одговори, до него е директно, да ми одговори директно. Кои од поранешни и сегашни министри во Владата имаат свои фирми, или фирми на свои непосредни роднини преку тие фирми послуваат и од државна каса е тргувано со тие фирми. И за пратеници. Да ми се одговори од министерот за внатрешни работи кога Џаферовски Аднан добил решение од Врховниот суд на Република Македонија да се укине пресудата на Окружниот суд во Битола за трговија со дрога. Оди службено возило во кое покрај неговиот татко пратеник во ова Собрание и господинот Љубомир Поповски доживува сообраќајна несреќа од Идризово спрема Скопје. И да се одговори кој ја платил штетата за поправка на тоа возило?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, мора да следиме како се формулираат прашањата и до кого се однесуваат мора да знаеме.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Инспирирана од одговорот на министерот Хајредини кој кажа дека средствата собрани од продажбата на општествените станови се искористени за подмирување на обврската кон сопствениците на заробени девизни штедни влогови, го поставувам следново прашање:

Зошто Владата не го почитуваше заклучокот донесен од ова Собрание да дел од средствата собрани од продажбата на општествените станови да одат за изработка на нови просторни и детални урбанистички планови. Заложбата на нашата комисија веќе две години е да се најде начин за собирање на средства за оваа проблематика и министерот, замениците министри од сите министерства што учествуваа во изработката на Буџетот, а и во Законот за продажба на општествените станови ветуваат дека тоа ќе се случи. Комисијата имаше разбирање за оваа проблематика, за долгот кон девизните штедни вложувачи и најдовме една средна солуција тоа да се реши со еден вид заклучок на Собранието. Но, ние следниот пат секако ќе го имаме во предвид ова кога ќе се донесува законот за продажба на деловниот простор каде што исто така ќе се ветува дека дел од средствата ќе одат за нешто друго. Инаку дел од средствата собрани од продажбата на општествените станови требаше да оди и за репродукција, т.е. за изградба и на нови станови.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Поблиски намени за исплата на средства наплатени од продажба на општествените станови ги утврди ова Собрание со свој закон.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ:**

Господине претседателе, ние сме уште понервозни кога на поставени прашања чекаме одговор по три, четири месеци и тоа на оние прашања кои се однесуваат на криминал во кој е смешана Влада- та, или одредени пратеници. Да го поставам моето прашање за денес на кое барам писмен одговор.

Во првата половина на 1993 година после доаѓањето во Министерството за внатрешни работи на господинот Саздов, инаку другар на господинот министер Фрчковски после тоа министерот Фрчковски дава дозвола за продажба на возила сопственост на МВР, поточно сопственост на подрачните единици низ цела Македонија. Тие возила се околу 70 до 100 возила од кои повеќето во исправна состојба. За таква работа треба да има комисија која треба да даде оценка за исправноста на возилата. Истата комисија е испратена од Министерството од Скоп- је по градовите, освен добиениот ручек по приватните кафани нема из- вршено никаква процена на возилата. Прашањето се состои во следното: Точно колку возила и од кои подрачни единици се продадени? На која приватна фирма и се продадени истите возила? Прашувам зошто на приватна фирма кога знаеме сите овде имаме повеќето директори, такви возила од фабрики, или други фирми се продаваат на вработените, а ние добро знае кој е стандардот на вработените во МВР. И да напоменам уште тоа дека во информацијата стои дека тој број на возила е продаден за сума некаде од 100 илјади германски марки. Во споредба на тоа ќе кажам дека само сирените на тие возила вредат многу повеќе, а камоли комплет возилата кои повеќето се во исправна состојба.

**ШУКРИ РАХИМИ:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги пратеници, јас имам едно прашање до Министерството за урбанизам, градежништво и сообраќај, а се состои во ова. Има станови изградени на територија на Република Македонија од претпријатија од Република Србија. Сега кога се пуштени во продажба тие станови жителите со македонско државјанство не можат да ги купуваат тие станови доколку жители и корисници кои си имаат двојно државјанство и на Република Србија и на Република Македонија тие можат да ги купат. Ако можете да ми одговорите веднаш.

V/8.-

За продажба на општествените станови е Законот за продажба на општествени станови. Основен услов за купување на станот не е вол јата на титуларот, на носителот на правото на сопственост, туку станарското право. Тоа значи дека секој граѓанин кој има станрско право стекнува право по негова желба да го купи, или да не го купува станот. Напросто кажано, титуларот не може да го ограничи да не сака да му го продаде станот. Ако не сака, тогаш во вонпроцесна постапка ќе поднесе тужба, а судот ќе донесе решение кое решение ќе претставува заклучен договор. Тука да не станува збор за нешто друго. Доколку е странец нема македонско државјанство согласно на Законот за основните сопственички права поточно во членот 82-6 е кажано: доколку нашата земја како суверена држава нема заклучено билатерален договор со другата земја да ги признае правата на нашите државјани кои живеат во таа друга држава таквите државјани не можат да купуваат непокретен имот во Република Македонија. Тоа значи дека не можат да се јават како купувачи на тие општествени станови. Да не е во таа на сока смислата? А инаку основа за купување на станарското право не е титуларот на сопственоста дека се српски претпријатија, туку основа е станарското право на станот кој го има стекнато тој граѓанин кој живее во тој стан.

**ШУКРИ РАХИМИ:**

Овде сакам само да дообјаснам. Се работи конкретно за стручњаци кои работеле во Јанковиќ, претпријатие за цемент и градежништво. Од тука патувале секој ден со кола ги носеле таму и ги враќале дома. И сега овде имаме во исти згради луѓе кои имаат двој- но државјанство и тука живеат и ги купиле становите, само ги купиле на територија на Косово. Овие што се од Македонија три-четворица се такви, еден од нив е и директор на тоа претпријатие, тие не можат да купуваат затоа што имаат само државјанство на Македонија.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Државјанството е основа за да може некој да стекне непокретен имот во државата, Република Македонија.

Доколку нашата држава нема заклучено билатерален договор со другата земја, странскиот државјанин на таа земја не може да стекне непокретен имот во нашата држава.

Продажбата на општествените станови е по законот за продажба на општествени станови. Основа за купување на општествениот стан е станарското право. Титуларот не сака да ви го продаде станот, да заклучи договор со вас за купопродажба, тогаш во вонпроцесна постапка ќе поднесете тужба и решението на судот ќе биде, заклучен договор. Мислам дека е јасно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг има уште да постави пратеничко прашање.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас имам уште едно прашање и барам да ми се одговори писмено, бидејќи не верувам дека има овластен претставник од Владата да одговори или од Министерството за одбрана.

Имено, општо познато е дека секоја независна држава има посебен род во своите вооружени сили кои во повеќето земји се условуваат со терминот национална гарда.

До каде е стигнато со оформувањето на македонската гарда, соодветно опремена и облечена, во македонски национален стил поткрепен со традицијата на македонската револуционерна организација односно во стилот на македонските комити.

VI/2.-

Оваа гарда би служела,како и во повеќето држави за обезбедувањето на претседателов на Републиката и на влезовите на Собранието на Република Македонија и Владата и давање на почесни поздрави на странски претставници кои го имаат правото на тоа, а исто така и почит кон знамето на Република Македонија.

Во контекст на ова е и прашањето до каде е постапката за изведба на резиденција на претседателот на Република Македонија, како здание во кое би се обавувало и дел од функциите на оваа македонска национална гарда.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има уште пратенички прашања? (Нема)

Значи, завршивме со пратеничките прашања.

Минуваме на **точка 1.**

Има збор господинот Томислав Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сакам да побарам денешната седница да заврши со оваа точка, пратенички прашања односно барам прекин на седницата од една единствена причина, а тоа е што пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ поради свои ангажирања, во чест на 100-годишнината на основањето на ВМРО, вечерва има активности и свечена академија во Македонскиот народен театар.

Оттука ја користам можноста во име на Пратеничката група да Ве поканам на прославата што се организира во Македонскиот народен театар со почеток во 19 часот. Мислам дека ова е основен повод за уважување на нашето барање за прекин на седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, сега е 15,45 часот.

Предлагам да ја прекинеме седницата, а ќе продолжиме со седницата во вторник во 10 часот.

(Седницата заврши во 15,45 часот.)